**Со Триумфалниот марш од Вердиевата „Аида“ и традиционалниот фестивалски оган што го запали првенката Весна Ѓиновска-Илкова, во Македонската опера и балет беасвечено отворени 46. Мајски оперски вечери. Пред почетокот на премиерата на „Боеми“ од Џакомо Пучини, во фоајето на МОБ, во присуство на министри од Владата, амбасадори и вљубеници во оперската уметност, се обрати претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев. Настанот го поврза со Денот на Европа и рече дека како домаќин на гости од повеќе земји од регионот и Европа, фестивалот испраќа силна порака за здружување на различностите.**



„ Цело е кога има сѐ, а културата го знае најдобро тоа што политиката се обидува да го прави - да зближува, да разбира, да почитува, да негува, да гради мостови на пријателства, на доверба и на иднина. Затоа, мојата порака е: да слушнеме што воспеваат Мајските оперски вечери од Скопје, што нѐ прави достоинствени - тоа е непроценливото богатство на различностите споени во едно. Тоа е нашата заедничка европска иднина“, истакна претседателот на Владата прогласувајќи го фестивалот отворен.









